Врз основа на член 22, став 8 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република акедонија" број 27/2014, 199/2014 и 27/2016), а во согласност со член 22, став 1, точка 1 и член 23 од Законот за аботните односи („Службен весник на Република Македонија" број 62/2005, 106/2008...119/2016),Државниот комунален нспекторат - Скопје објавува

## **ЈАВЕН ОГЛАС бр. 01/2018**
## **За пополнување слободни работни места на определено работно време**

Државниот комунален инспекторат - Скопје има потреба од вработување на:

| Ред. бр | Шифра | Назив на работно место | Одделение | Број на извршители |
|---|---|---|---|---|
| 1. | УПР 01.01.В02.000 | Виш соработник за административни работи | Одделение за стручна администартивно-оперативна подршка | 1 |
| 2. | УПР 01.01.Г01.000 | Самостоен референт - благајник | Одделение за финансиски прашања | 1 |

2. Работниот однос за сите работни места се заснова на определено работно време.
3. Работниот однос се заснова на полно работно време.
4. Секој кандидат треба да ги исполнува општите услови:
- Да е државјанин на Република Македонија
- Активно да го користи македонскиот јазик и неговото кирилско писмо
- Да е полнолетен
- Да има општа здравствена способност за работното место и
- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

5. Кандидатите кои ќе се пријават за работните места треба да ги исполнуваат условите утврдени во Правилникот за истематизација на работните места во Државниот комунален инспекторат – Скопје, односно услови утврдени со акон за вработување на јавни службеници и ЗРО и тоа:

Стручни квалификации:

Виш соработник за административни работи: ниво на квалификациите VIБ според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од полето на градежништво и водостопанство,Правни или Економски науки како и активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и активно познавање на англиски јазик;

Самостоен референт – благајник: ниво на стручни квалификации VA или ниво на квалификации IV според Македонска рамка и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование правен или економски смер како и активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и познавање на англиски јазик.

6. Работното време изнесува пет работни дена во неделата (од понеделник до петок) и ќе биде од 8,30 часот до 16,30 часот.

7. Основната нето плата за работното место бр. 1 изнесува приближно 23.879,00 денари за полно работно време, Основната нето плата за работното место бр. 2 изнесува приближно 15.688,оо денари за полно работно време.

**8. Објавените работни места се на определено време со времетраење до 31.12.2018 година.Со избраните кандидати ке се склучи договор за вработување на определено време, со можност за негово продолжување.**

**Пред склучување на договор, избраните кандидати ке бидат тестирани за познавање на англиски јазик и работа со компјутерски програми за канцеларисko работење (MS Office).**

9. Кандидатите за вработување се пријавуваат на јавниот оглас преку пополнување на пријава. Пријавата за вработување кандидатите можат да ја подигнат во канцелариите на Државниот комунален инспекторат - Скопје или на веб страната www.dki.gov.mk

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

10. Со пријавата кандидатите за работните места треба да приложат:
- Кратка биографија (CV)
- Уверение за завршено образование ( копија)
- Уверение за државјанство на Република Македонија ( копија)

11. Пријавите заедно со прилозите се доставуваат лично во Државниот комунален инспекторат или по пошта на адреса Државен комунален инспекторат – Скопје бул. "Кузман Јосифовски-Питу" бр. 15 лок.1/2; 1000 Скопје.

Контакт тел: 02/2462-595

e-mail: contaktdki@dki.gov.mk

Огласот трае 5 дена сметано од денот на последното објавувањето во дневен печат. Ненавремените, нецелосни и неуредно пополнети пријави нема да бидат предмет на разгледување.

**Директор**

**м-р Елизабета Јованчева**